Australian Macedonian
TODAY
35 YEARS
Австралиско Македонски ДЕНЕС
YEAR XXXV No 1997 25 APRIL 2025 FREE

# ИЗБОРНИТЕ ВЕТУВАЊА НА АЛБАНЕЗЕ И ДАТОН



Владејачката лабуристичка партија на премиерот Ентони Албанезе во својата кампања за изборите на 3 мај, ветува поголема помош за идните купувачи на домови.

Се предвидува дека изборите нема да бидат неизвесни, имајќи ја предвид намалената поддршка во предизборјето за опозиционата Либерално-националната коалиција.

Владата предводена од Лабуристите се обврза да изгради 1,2 милиони станови до 2030 година со цел да се намали притисокот врз животните трошоци и да се одговори на незадоволството заради недостапноста на домовите.

„Во Австралија, сопственоста на дом не смее да биде привилегија што се наследува само ако имате среќа", изјави Албанезе во Перт.

Во случај на реизбор, владата вети дека ќе гарантира дел од заемот за купување прв дом, овозможувајќи купување со само 5% учество.

Дополнително, ќе бидат одвоени 10 милијарди австралиски долари неповратни средства и кредити за изградба на 100.000 домови, со цел да им се помогне на идните купувачи.

„Ако сакате да го купите својот прв дом, лабуристите ќе бидат тука со вас", порача Албанезе во телевизиското обраќање.

Лидерот на либералите, Питер Датон, кој беше министер за одбрана во претходната влада на Скот Морисон, исто така својата кампања ја фокусира за надминување на кризата со домување, за која тврди дека ја прави сопственоста на дом недостижна за многумина во Австралија.

Датон ветува даночни олеснувања и компетитивен план за станбено градење, кој ќе овозможи ратите од хипотеките за нови домови да се одбиваат од личниот данок на доход за првите пет години.

„Ќе бидам премиер што го оживува австралискиот сон за сопствен дом", изјави Датон во телевизиското обраќање, посочувајќи го своето искуство — од полицаец до бизнисмен, а потоа и пратеник и министер во изминатите 23 години.

Популарноста на Датон моментално заостанува зад Албанезе, чија поддршка не се намали доволно поради наглото зголемување на трошоците за живот и каматните стапки за време на неговиот мандат од три години. Практично за време на владата на Албанезе нацијата доживува најголем пад на стандардот во изминативе педесет години.

Страшно е што со овие ветувања може да придонесат до уште поголема инфлација во наредниве години.


FREE DIGITAL EDITION
SCAN the QR CODE
SIGN UP NOW!
РЕГИСТРИРАЈТЕ СЕ ЗА ДА ГО ДОБИВАТЕ БЕСПЛАТНО
ДИГИТАЛНОТО ИЗДАНИЕ НА www.australianmacedonian.com.au/subscribe

# Обвинителството отвори истрага за облаците прашина над РЕК Битола, околните жители се плашат дека тие се радиоактивни



По бројните реакции од јавноста и фотографии на социјалните мрежи што покажуваат голем облак прашина околу РЕК Битола, Обвинителството оформи предмет за испитување на начинот на депонирање на пепелта. Се проверува дали одлагањето се врши согласно еколошката дозвола, рударскиот проект и прописите за заштита на животната средина.

Основното јавно обвинителство Битола нареди увид и вонредна инспекција, притоа беа констатирани недостатоци во мерките за спречување на емисии на прашина. Според нив, место пепелта да се одлага во касети и да се затрупува со земја, била одлагана на отворена депонија. РЕК Битола доби рок од 30 дена за соодветно одложување и затрупување на пепелта.



Токму поради неправилното одлагање на пепелта од РЕК Битола при посилен ветер таа се разнесува во воздухот, создавајќи бел облак над електраната, а оваа појава е видлива и од градот Битола и се шири низ Пелагониската Котлина.

Граѓани се сомневаат дека пепелта содржи радиоактивни елементи. Од РЕК негираат дека прашината е радиоактивна затоа што во термоцентралата се согорува фосилно гориво – јаглен и мазут кои немаат допирна точка со каква било радиоактивна супстанција.

На барање на државни инспектори за животна средина депонијата е исчистена и од 25 април ќе се прска со вода лентата која ја носи пепелта, а одлагањето ќе се врши во касети и ќе се затрупува со земја. Над половина од неа веќе е отстранета, а до крајот на април треба да се завршат и мерењата на амбиенталниот воздух. Инспекцискиот извештај ќе биде доставен до Обвинителството кое ќе одлучи за натамошните чекори.

AUSTRALIAN MACEDONIAN TODAY
Published by:
AEA ETHNIC PUBLISHERS P/L
Postal: PO Box 544
Thomastown,
Victoria 3074 Australia

Phone: 0403 152 671
Email: amwtoday@icloud.com

## ММФ со прогноза на економиите во светот - Македонија во долниот дел

Македонија е меѓу земјите со прогноза за понизок раст на економојата во најновиот извештај на Меѓународниот монетарен фонд (ММФ). ММФ прогнозира дека во 2025 и 2026 година Македонија ќе има раст на БДП од 3.2% и инфлација од 3.4%. Од соседните земји за Србија прогнозите се да биде со економски раст од 3.5%, Албанија да има повисок БДП за 3.8%, а Косово 4%. Бугарија се очекува да ја заврши 2025 со раст на БДП од скромни 2.5%.






# Почина папата Франциск - остави силен белег зад себе и сеќавање дека е единствениот понтиф што бил во Македонија



Папата Франциск почина на 88-годишна возраст од мозочен удар, што предизвикал кома и неповратен застој на срцето. Тој е првиот папа кој не е од Европа (Аргентинец) и беше познат по тоа што му го сврти грбот на раскошот на Ватикан. Исто така ќе биде првиот папа, по повеќе од едно столетие, кој нема да почива во криптата на базиликата „Свети Петар“, туку во базиликата „Санта Марија Маџоре“ во Рим. Ќе биде закопан во едноставен дрвен сандак, и во гроб без посебни украси и со само еден натпис на латински јазик: „Franciscus“. Неговиот погреб ќе биде утре (сабота) а веќе неколку дена верниците можеа да му оддадат последна почит во капелата на резиденцијата „Санта Марта“ (Ватикан), каде што живееше во текот на сите 12 години на неговиот понтификат.

Светот жали по папата кој заработи почит од сите верници, а државите со претежно католичко население прогласија повеќедневна жалост. Дури и Индонезија, земјата со најголема муслиманска популација во светот, му оддава почит и ја фали неговата посветеност на меѓуверското разбирање и неговиот став за израелската офанзива во Газа.

Папата Франциск е единствениот понтиф кој ја посетил Македонија. Тоа се случи на 7 мај 2019 кога одржа и литургија на плоштадот во Скопје.

Пораки со сочувство испратија поглаварот на МПЦ-ОА Стефан, македонската претседателка Гордана Силјановска-Давкова и премиерот Христијан Мицкоски.

Од околу 220 кардинали од над 70 земји, колку што ги има, само околу 120 ќе го избираат новиот папа, а тоа се оние помлади од 80 години. Најмлад меѓу нив е австралискиот кардинал, кој е Украинец. Тоа е 44-годишниот Микола Бичок, кој беше избран во декември лани.

## Собранието бара ново лого што „ќе ја одразува реалноста“



Собранието на Македонија ќе добие ново лого. Наместо цртежот на препознатливата парламентарна зграда, институцијата сега бара ново решение.

Конкурсот за изработка на заштитен знак е објавен во вторникот на 22 април и ќе трае 45 дена.

„Јавниот конкурс за изработка на заштитен знак е со цел законодавниот дом да го модернизира и изедначи својот институционален и визуелен идентитет преку изработка на заштитен знак, кој треба да ги одразува националните вредности и вредностите, мисијата и визијата на институцијата. Дизајнот на логото треба да биде уникатен и неупотребуван досега“, се наведува во соопштението на собранискиот прес-служба.

Текстот со називот на законодавниот дом треба да биде на македонски јазик, на албански и на англиски.



# Не можете да гласате на денот на изборите, 3 мај?



Сите австралиски државјани на возраст од 18 години и постари се законски обврзани да гласаат.

Ако на денот на изборите не можете да отидете да гласате на гласачко место, можеби исполнувате услови:

- **да гласате предвремено во центар за предвремено гласање или**
- **да поднесете молба за гласање преку пошта.**




За да ги проверите можностите и условите за предвремено гласање, посетете ја веб-страницата **aec.gov.au/early**

Официјалниот водич досега требаше да пристигне во вашето поштенско сандаче. Тој ги содржи сите информации што ви се потребни за да важи вашиот глас.

Скенирајте го QR-кодот подолу за да го преземете водичот.

**Вашиот глас ќе помогне во оформувањето на Австралија.**

За да дознаете повеќе
**aec.gov.au/translated**
**1300 720 139**

AEC
Australian Electoral Commission

**Овластено од претседателот на Изборната комисија, 10 Mort Street, Canberra.**
**Authorised by the Electoral Commissioner, 10 Mort Street, Canberra.**

# ПОЧИНА ЗАСТРЕЛАНОТО МОМЧЕ, УАПСЕНИ ЧЛЕНОВИ НА СЕМЕЈСТВОТО



Членови на семејството на деветгодишното момче Мохамед Фатах, кое почина откако го погоди залутан куршум се обвинети за неговата смрт.

Во неделата итна помош пристигнала на фарма во Винделам, во близина на Голбурн во Нов Јужен Велс, по дојава за пукање. Момчето имало сериозни повреди на вратот и починало на местото на настанот.

Во меѓувреме локалната полиција уапси две лица, меѓу кои и 14-годишник, кои се обвинети за недозволено поседување огнено оружје.

Истрагата за инцидентот е во тек, а засега не е познато во каква точна роднинска врска се уапсените со починатото момче.

„Тука ретко се слушаат истрели“ – изјави Рон Венбан, кој живее на соседната фарма. Според него, семејството е од Сиднеј и фармата ја користеле како викендица.

Двете уапсени лица треба да се појават на суд во мај, а малолетникот ќе биде сослушан во Детскиот суд во Нов Јужен Велс.

Возрасната личност е обвинета за неовластен пристап до оружје и небезбедно чување на огнено оружје, додека тинејџерот е обвинет за недозволено поседување. На тинејџерот му е одредена мерка притвор со кауција.

INJURED?
✓ TAC
✓ WorkCover
✓ Slips & Falls
✓ Superannuation TPD
✓ All Injury Claims
✓ Free First Appointment
✓ Speak Macedonian
✓ Over 25 years experience in Personal Injury Claims

ПОВРЕДЕНИ?
✓ Сообраќајни повреди
✓ Повреди на работа
✓ Суперануација и траен инвалидитет
✓ Сите видови на повреди
✓ Првата средба е бесплатна
✓ Зборуваме Македонски
✓ Повеќе од 30 години искуство во областа за отштета од повреди

NO CLAIM NO FEE



JOHN DELLIOS & ASSOCIATES
183 High Street Thomastown
Tel. (03) 9464 4000
LAWYERS

# Јахоски понуди 2 милиона евра да излезе од Шутка, Обвинителството постави услов (пола во недвижности, пола во кеш), ама Судот го остави зад решетки

**Асмир Јахоски**, сопственикот на „Пуцко Петрол" (и син на пратеникот на ДУИ Исмаил Јахоски), понудил кауција вредна 2 милиони евра за да излезе од притвор. Јахоски е еден од 13 осомничени во истрагата за привилегирани тендери во висина од 167 милиони евра и набавка на токсичен мазут за ТЕЦ Неготино. Тој всушност е обвинет дека бил посредникот "со политички грб" кој овозможувал фирмата РКМ да ги добива тендерите и за тоа има наплатено најмалку 1.2 милиони евра.

За излегување од затворот во Шутка Јахоски понудил објекти чија вкупна вредност изнесува 2 милиони евра. Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција се согласи за укинување на притворот за Асмир Јахоски но под услов – гаранцијата во недвижен имот да биде 1 милион евра, но да депонира и 1.2 милиони евра на посебна судска сметка. Дополнително, Јахоски да биде ставен под посебен надзор: да не го напушта живеалиштето, редовно да се јавува кај надлежно лице и да му се одземе патната исправа.



Одлуката остана да ја донесе Кривичен совет од тројца судии - и ја одби понудата, Јахоски останува зад решетки. Нему првично му беше определен домашен притвор зашто имал мали деца (!?), но по реакцијата на јавноста беше пратен во истражниот затвор.

За истиот случај во затворот во Шутка седат **Ратко Капушевски** и **Ерџан Сулкоски** – сопственици на фирмата РКМ, како и поранешниот секторски директор во ЕСМ, **Ардијан Муча**. Во бегство е ексгенералниот директор на ЕСМ **Васко Ковачевски**.


Reg. No. A0042461G АХАМ BRIDGE OF HUMANITY ABN 93 019 262 123

АХАМ ГАРАНТИРА ДЕКА ВАШИТЕ ИСПРАТЕНИ БОКСИ ЌЕ ИМ БИДАТ ЛИЧНО ПРЕДАДЕНИ НА ПРИМАЧИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА ВО РОК ОД ТРИ МЕСЕЦИ ОТКАКО КОНТЕЈНЕРОТ ЌЕ ЗАМИНЕ ОД АВСТРАЛИЈА

Места каде се издаваат и примаат кутиите

**ВИКТОРИЈА**
Илија Јошевски Мечето 93673091, моб: 0418 396 256
Дијана Мицалевска Пупалевска 0414 743 117
**ЏИЛОНГ:** Коста 0401 550 841
**АЛТОНА:** Јован 9314 8585 ,0434 088 440
**АРДИА:** Милорад и Сенди 9363 3635
**БАНДУРА:** Филимена 9467 8027
**БОКС ХИЛ-РИНГВУД:** Гоце 0431 518 568
**ДАНДЕНОНГ:** Борката 9795 6305, 0411 767 613
**КИЛО-СЕНТ АЛБАНС:** Ило Мечето 9367 3091, 0418 396 256
**ЕСЕНДОН – АВОНДАИЛ ХАЈТС:** Целе Велјановски 9337 3931
**ЛАЈЛОР ЕПИНГ:** Кинг Фреш Бурек 9401 4777, Стојна и Панде 0481 184 038
**МЕЛТОН:** Драги 0419 325 848
**ПРЕСТОН – НОРТКОТ:** Валентина 0451 820 045
**ПРЕСТОН:** Аница 0409 416 273, Валентина 0451 820 045
Милка и Љупчо, Авио Травел 9471 4556, 9471 4559
**РЕЗЕРВО:** Ило 9460 7802, 0432 654 251
**СЕНТ АЛБАНС:** Кинг Фреш Бурек -9364 3752, 0414 544 563
**ЏАРАВИЛ:** Трена 9687 4663

**НОВ ЈУЖЕН ВЕЛС**
**СИДНЕЈ:** Љупчо 0415 801 989
**АРНКЛИФ:** Горан 0414 597 595
**БЕНКСТАУН – ЏАГУНА:** Сашо 9707 1430, 0416 934 638, Џексон - 9793 0366, 0407 175 727
**КАНЛЕЈ ВАЛИ:** Илија 9754 2287
**РОКДАЕЛ:** ВМ Центури Травел 9587 5493
**КАНБЕРА – КВИНБИЈАН:** Душица 0404 149 965
**ВОЛОНГОНГ – ПОРТ КЕМБЛА:** Васко 0450 484 418

**ЈУЖНА АВСТРАЛИЈА**
**АДЕЛАИД:** Драго 08 8345 1381

**ЗАПАДНА АВСТРАЛИЈА**
**ПЕРТ:** Славе 08 9300 8342, 0419 997 719, Ислам 9440 4038, 0433 214 874

**КВИНСЛЕНД**
**БРИЗБЕН:** Весна 0433 218 018, Невенка 0402 847 225

Добиената сметко-потврда е Tax Deductable, а ако ја пријавувате на вашата годишна такса


## ЗНАМ размислува за самостојни советнички листи и соработка со ВМРО–ДПМНЕ за градоначалници

Движењето ЗНАМ формира преговарачки тим и во рамките на владиното партнерство веќе ги почнуваме разговорите со нашиот владин партнер ВМРО – ДПМНЕ, соопшти портпаролот на движењето Никола Мемов.

Во делот за настапот на локалните избори тој рече дека партиското раководство размислува за самостоен настап на ниво на советнички листи, а во делот на соработка за избор на кандидати за градоначалници во општините, размислуваат за соработка и заемна поддршка со ВМРО–ДПМНЕ.

# Граѓанска иницијатива „Кочани“: Нема добри партии, има добри луѓе

Граѓанската иницијатива „Кочани“ повика на обединување, заедништво и изградба на поинакво, посовесно и почитувано општество. Со порака дека „им должиме“ на загинатите и повредените во пожарот ви дискотеката „Пулс“, објавата ја критикува политичката апатија и нефункционалноста на системот, повикувајќи на граѓанска активност и свест.

- Не постојат добри партии. Постојат добри луѓе. А добрите луѓе мора конечно да престанат да чекаат. Зашто колку повеќе молчиме, толку повеќе умира Кочани, се вели меѓу другото во апелот.




Од иницијативата истакнуваат дека Кочани нема да го спаси ниту еден градоначалник сам, како што велат, по имаат можност првпат по долго време со човек кој не е залепен за никаква политичка позадина.




# 3.000 работници во културата останаа без плата за Велигден

Сите 3.000 работници од 120 институции во културата беа оставени без пари за Велигден - државата не им ја исплати платата за месец март. Нивниот синдикат (СКРМ) одржа протестен совет пред Министерството за култура на кој побараа да се исплати неисплатената плата и да запрат обидите за непочитување на колективните договори и законите.

Владата го проблематизира Колективниот договор за култура кој предвидел усогласување на платите кај сите вработени согласно растот на животниот стандард.

– И сега имаме ситуација на потпишан, признат и уставно потврден Колективен договор, преќутно, зад затворени врати, Владата си го прогласува за неуставен и незаконски. Тоа не е само административна измама – тоа е правно и морално предавство. Ова не е техничко прашање – ова е удар врз достоинството на секој вработен во културата. Непочитување на колективниот договор е непочитување на човекот – рече претседателката на СКРМ Вера Атанасовска.

Од Министерството за култура и туризам соопштија дека вработените во институциите од областа на културата ќе ги добијат платите со потребното зголемување во првите два работни дена по празниците, а доцнењето било заради усогласување на платите. Министерот Зоран Љутков рече дека зголемувањето на платите ќе биде вкупно до 6% и дека досегашниот начин на исплата е неодржлив зашто од 81% буџетот оди за плати а само 19% за проекти.



# Проблеми за Мицкоски - коалицијата „Вреди“ е како рогови во вреќа

Коалицијата „Влен“ деновиве треба да ја започне трансформацијата во партија. Ова на состанок во Струга го решиле тројца лидери на партии во коалицијата откако четвртиот учесник - крилото на Алијанса за Албанците на чело со Арбен Таравари - одлучи да оди на претстојните локални избори со сопствени листи за советници.

Првиот вицепремиер и лидер на Демократско движење, Изет Меџити деновиве објави дека од коалицијата „Вреди“ ќе произлезе нов политички субјект на македонската политичка сцена. Новата партија ќе има Централно претседателство со 23 члена, Централно собрание, заеднички Централен штаб и локални штабови, заеднички медиумски центар, заеднички кандидати, заедничка програма и листи на заеднички советници на претстојните локални избори во октомври.

Меџити вели дека преточувањето коалицијата „Вреди“ во една партија е одраз на барањата на гласачите присутни уште од самиот почеток, и оти многу лесно се одвива процесот на претопување во една партија, на што очигледно се спротивставува Таравари.



Во однос на тоа кој би бил претседател на партијата, тој кажа дека тоа најверојатно би можел да биде еден од тројцата лидери во коалицијата, но не исклучи можност и за нова личност.

– Идејата ни е да станеме нов политички субјект кој ќе биде поголемиот во албанскиот политички кампус, и во албанскиот кампус да има две опции – Влен и Европски фронт или Влен и ДУИ, кои носат плурализам и демократија, борба на платформи и идеи, проекти, потенцира Меџити.

Тој оцени дека доколку Таравари се решил за соработка со ДУИ, тоа треба и јавно да го обзнани, и етички е, вели, да ја напушти Владата.

Меџити очекува и на локалните Влен да биде апсолутен победник и по број на градоначалници и советници на советничките листи, бидејќи вели ќе понудат соработка и партнерство со невладиниот сектор и со најквалитетните Албанци, некаде ќе поддржат и независни кандидати ако се такви проценките.

## Таравари: „Ако не не сакаат во Влада, ќе одиме во опозиција“



Министерот за здравство Арбен Таравари изјави дека повеќе не гледа простор за соработка со коалицијата „Вреди“ и дека не ја исклучува можноста за предизборна соработка со Демократската унија за интеграција (ДУИ) во вториот круг од локалните избори.

Всушност на крилото на Таравари за воопшто да се кандидира на локалните избори ќе му треба печатот што е во рацете на Зијадин Сеља или на ДУИ. Бидејќи кандидатски листи поднесуваат политичките партии (кои се регистрираат со 1000 потписи) или мора да се соберат 4% од запишаните гласачи ако се оди како независна листа.

Ваквата негова изјава доаѓа откако еден од лидерите на коалицијата „Вреди“, Изет Меџити, јавно побара Таравари и неговото крило на Алијанса за Албанците да ја напуштат Владата.

– Ние не сме родени во Влада. Ако сметаат дека треба да бидеме во Владата, ќе продолжиме. Ако не – ќе одиме во опозиција. Генерално, ние сме заинтересирани да продолжиме во Владата, но тоа зависи од премиерот – изјави министерот за здравство.



# Пратеникот и екс потпретседател на СДСМ Битиќи ограбен за Велигденските празници - украден сеф со злато, пари и рачни часовници



Сеф со злато, пари и рачни часовицни во вредност од околу 50.000 евра е украден од домот на Фатмир Битиќи, објави ORA24TV.

МВР информираше дека во понеделникот претпладне пријавена е кража од домот на Фатмир Битиќи, поранешен пратеник и екс-претседател на СДСМ.

-На 21.04.2025 во 11.40 часот во СВР Скопје, Ф.Б.(49) од Скопје пријавил дека во периодот од 07.30 часот на 18.04.2025 до 03.00 часот на 21.04.2025, со употреба на сила и погоден алат било влезено во неговиот дом на подрачјето на Бутел во Скопје и биле одземени пари и други предмети, информира МВР.

Изјава за инцидентот даде и самиот Битиќи за ORA24TV, при што ја потврди кражбата:

- Да... Но не би зборувал за детали, изјави кусо Битиќи.

## Приведени три лица откако турнале од тераса 26-годишен сожител

Тројца жители на кривопаланечкото село Конопница во неделата физички го нападнале, а потоа и го турнале од тераса дваесет и шестгодишниот А.С. од истото село, при што тој се здобил со повреди.

– На 20 април 2025 во 23 часот и 25 минути полициски службеници од Одделението за внатрешни работи Крива Паланка ги лишиле од слобода дваесет и шестгодишните Ј.А. и Н.К. како и Е.А., дваесет и петгодишен, сите од село Конопница, кривопаланечко. Лицата се лишени од слобода затоа што во Крива Паланка физички го нападнале и го турнале од тераса дваесет и шестгодишниот жител на истото село А.С. кој се здобил со повреди – изјави портпаролот на СВР Куманово, Ивана Младеновска.

Лицата се приведени и по целосно документирање на случајот, против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

## Кривична пријава за 10 специјалци од ЕБР – ги злоупотребувале патните трошоци

10 специјалци во Единицата за брзо распоредување на МВР го злоупотребиле правото за покривање на патните трошоци. Од 1 декември 2023 до 17 септември 2024 година им биле исплатени 10 илјади евра за патарини и за денови во кои не патувале од своето место на живеење на работа во Скопје и обратно и го оштетиле буџетот на МВР.

Одделот за внатрешна контрола до ОЈО за ГОКК односно Специјализирано одделение за гонење на полициски службеници поднесе кривична пријава и ги товари за кривичното дело „злоупотреба на службената положба и овластување" казниво по член 353 од Кривичниот законик.

Пред две недели МВР поднесе кривична пријава и за други десет припадници на ЕБР кои во истиот временски период, на ист начин, направиле штета на буџетот над 17 илјади евра.

## "Успение на Пресвета Богородица" - Сиденхам



Свештеникот, протерej ставрофор **Ефтим Бетински** ќе биде достапен во црквата *"Успение на Пресвета Богородица"* секој ден од понеделник до петок, од 10:00 до 15:00 часот, Моб: **0499 007 574** или email: *betinski_e@yahoo.com*

Неделната богослужба е од 9:00 часот.

*Macedonian Australian Orthodox Church «Uspenie na Presveta Bogorodica - St. Mary" Western Region inc.- 340 Sydenham Road Sydenham Vic 3037*



# ВЕЛИГДЕН ВО АВСТРАЛИЈА

## Протојереј ставрофор Ефтим Бетински ја водеше службата во ” Успение на Пресвета Богородица” во Сиднам





Традиционално за големиот христијански празник Велигден, сите македонски цркви во Австралија беа преполни во сабота навечер.

Велигден или Воскресение е најголем христијански празник, со кој се одбележува денот кога Исус Христос воскреснал од мртвите. Оваа година, датумот на Велигден за Западот и за Истокот се совпадна. И католиците и православните христијани го славеа на 19 април.

Обично католичкиот Велигден се слави порано од православниот. Главната причина за ова е

дека православната црква го одредува датумот за славење на Велигден според Јулијанскиот календар, а Католичката црква – според Грегоријанскиот.

После службата на полноќ присутните ги кршеа вапцаните јајца што претставува симбол на живот, т.е. го симболизира воскреснувањето на Исус Христос. Оној што победува по традиција се смета дека ќе има здравје во текот на целата година, а за “знак” се смета среќа, благосостојба и добро здравје.

Преку приложените слики ви пренесуваме дел од атмосферата во нашите храмови низ Австралија.







Во првата црковна општина „Свети Георгиј и Пресвета Богородица“ во Епинг, о. Климент Станковски ја отслужи службата на светите и спасителни Христови страдања

# НЕТАНЈАХУ: ИЗРАЕЛ НЕМА ДА ДОЗВОЛИ ИРАН ДА ИМА НУКЛЕАРНО ОРУЖЈЕ



Израелскиот премиер Бенјамин Нетанјаху потврди дека Израел нема да дозволи Иран да поседува нуклеарно оружје.

„Премиерот јасно кажа: Израел нема да дозволи Иран да добие нуклеарно оружје", се вели во соопштението од канцеларијата на Нетанјаху, според Тајмс оф Израел.

Во соопштението се вели дека Нетанјаху, кој го гледа Иран како најголем непријател на Израел, „водеше безброј отворени и тајни операции против иранската нуклеарна програма" и „води глобална кампања против иранската нуклеарна програма".

# ГУГЛ ИМА НЕЛЕГАЛЕН МОНОПОЛ




Гугл незаконски изградил монопол на веб рекламирањето, пресуди федералниот суд во Вирџинија, потврдувајќи ја позицијата на Министерството за правда во историската тужба против технолошкиот гигант што може да ја преобликува основната економија на водење модерна веб-страница, пишува Си-Ен-Ен.

Ова е втора голема судска победа на американската влада над Google во изминатите неколку месеци. Министерството тврдеше дека компанијата незаконски монополизирала клучни делови од интернет екосистемот, вклучително и онлајн прелистување.

Покрај тоа, федералната порота утврди во декември 2023 година дека продавницата за апликации на Google исто така била нелегален монопол.

Google е во сериозни проблеми за сите три одлуки и би можел да плати висока казна, иако тековните и очекуваните жалби најверојатно ќе траат со години.

# УГАНДА ПЛАНИРА ДА ДОЗВОЛИ НА ЦИВИЛИ ДА ИМ СЕ СУДИ ПРЕД ВОЕН ТРИБУНАЛ

Владата на Уганда има намера да воведе закон со кој ќе им се дозволи на воените трибунали да судат цивили за одредени прекршоци дури и откако оваа практика беше забранета од Врховниот суд.

Активистите за човекови права и опозициските политичари долго време ја обвинуваат владата на претседателот Јовери Мусевени дека користи воени судови за да ги гони опозициските водачи и поддржувачи под политички мотивирани обвиненија. Владата ги отфрла обвинувањата.

Во јануари Врховниот суд на Уганда донесе одлука со која се забранува воено гонење на цивили, што ја принуди владата да го префрли судењето на опозицискиот политичар и поранешен претседателски кандидат Киза Бесигје на цивилните судови.

Доколку биде успешно усвоен, новиот закон би можел да и дозволи на владата да го врати Бесигје пред воениот суд.

Законот е подготвен и чека одобрување од владата пред да биде воведен во парламентот, изјавиНоберт Мао, министерот за правда и уставни прашања.

Законот ќе дефинира „исклучителни околности под кои цивилното лице може да биде предмет на военото право“, рече тој.

Бесигје, ветеран и политички ривал на Мусевени, е во притвор речиси пет месеци поради, како што велат неговите адвокати, политички мотивирани обвиненија.

Тој беше приведен во соседна Кенија во ноември, а потоа беше префрлен во Уганда, каде што беше обвинет во воениот суд за нелегално поседување огнено оружје, меѓу другите прекршоци.


Др. Сузана Котевска
СПЕЦИЈАЛИСТ ГИНЕКОЛОГ - АКУШЕР
ВИ ГИ НУДИ СЛЕДНИТЕ УСЛУГИ И СОВЕТИ
- Водење на бременост, прегледи и породување
- Гинеколошки операции
- Гинеколошки прегледи и совети за болни менструации
- Лекување на стерилитет
- Пап тест
- Климактерични тегоби
- Совети за контрацепција
- Проблеми со бешиката
ЗАДОЛЖИТЕЛЕН Е УПАТ ОД ВАШИОТ ФАМИЛИЈАРЕН ДОКТОР
Level 1, 117 / 320 Victoria Parade East Melbourne, 3002
Inside Epworth Freemasons Medical Centre
Tel: 9419 8333 Fax: 9415 9998
email: stelaobs@bigpond.com

NUMERIC ACCOUNTING
SPECIALISING IN SMALL BUSINESSES
✔ Accounting & Bookkeeping
✔ Tax Returns ✔ GST & BAS Returns ✔ Payroll
✔ MYOB, Xero & Quick Books
За сите ваши потреби околу вашата такса зборувајте со Ангела
ELECTRONIC LODGEMENT OF ALL RETURNS
Accountant & Registered Tax Agent


Mob: 0403 413 427 angenumeric@gmail.com

# ИЗЛЕЗЕ НОВОТО ПЕЧАТЕНО ИЗДАНИЕ НА АВСТРАЛИСКО МАКЕДОНСКИ НЕДЕЛНИК



www.australianmacedonian.com.au

AUSTRALIAN MACEDONIAN WEEKLY

Австралиско Македонски Неделник

Edition No. 1860 Year 38 · Tuesday, 22 April 2025 · Price $5.00 inc GST

Патувајте во Македонија и секаде во светот
AVIO TRAVEL Lic. No 32481
335 High St. Preston
03/ 9471 4556
03/ 9471 4559
mobile: 0401 686 970
Зборувајте со професионални агенти

ПОДМОРНИЦИТЕ ОД ДОГОВОРОТ АУКУС ЗА АВСТРАЛИЈА СЕ ПОД ЗНАК ПРАШАЊЕ

КОАЛИЦИЈАТА „ВРЕДИ“ КАКО ПОНИШТЕНА ТАКСЕНА МАРКА

ШТО ЌЕ БИДЕ СО ВЛАДАТА?

ИЗБОРНИ ВЕТУВАЊА НА АЛБАНЕЗЕ И ДАТОН:

ПОГОЛЕМА ПОМОШ ЗА ИДНИТЕ КУПУВАЧИ НА ДОМОВИ ВО АВСТРАЛИЈА

ВМРО-ДПМНЕ ОБВИНУВА:
ФИЛИПЧЕ И ЗАЕВ СО ЗЛАТНИ ВИЗИ ЗА ДУБАИ

ЗА ПОЖАРОТ ВО КОЧАНИ
ЗОШТО АКТУЕЛНИОТ МИНИСТЕР ЗА ЕКОНОМИЈА НЕ Е ОПФАТЕН СО ИСТРАГАТА

МАКЕДОНЦИТЕ ВО 2024 ПОТРОШИЛЕ A$500 МИЛИОНИ ЗА ОНЛАЈН КУПУВАЊА

БЕЗ ПОБЕДА, НЕМА НАПЛАТА

arnold thomas & becker lawyers

НИЕ СМЕ АДВОКАТСКА ФИРМА СО ЕКСПЕРТИ ЗА:
- сообраќајни повреди / TAC
- повреди на работно место / workcover
- побарувања од медицинска небрижност
- побарувања за повреда при раѓање
- побарувања за отштета од азбестос
- повреди на јавно место
- повреди работници на државни места /Comcare Claims
- Суперануација / неспособност за работа

За проблемите што ги имате околу повреди на работно место зборувајте со ТОНИ ШИШКОВСКИ на македонски јазик на (03) 9614 1433

Tony Siskovski
Director

ЕКСПЕРТИ ВО ЗАКОНОТ ЗА ПОВРЕДИ

573-577 Lonsdale Street, Melbourne, VIC 3000 www.arnoldthomasbecker.com.au

# АФИРМИРАТОР НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК, КУЛТУРА И ТРАДИЦИЈА

СЕКОЈ ВТОРНИК ВО ВАШАТА НАЈБЛИСКА ПРОДАВНИЦА ЗА ВЕСНИЦИ

# УЕФА исплати вкупно А$270,000 на седум македонски клуба

УЕФА подели рекордни 233 милиони евра (А$415 милиони) на вкупно 901 клуб од 55 различни држави, затоа што ги пуштале фудбалерите за настапи на нивните репрезентации во натпреварувањата „под капата“ на УЕФА од 2020 до 2024 година.

Најмногу до сите заработи Реал Мадрид, вкупно 4.79 милиони евра, пред Интер со 4.65 милиони евра, а мал дел од овој огромен „колач“ заврши и кај македонските клубови.




Имено, официјалните информации говорат дека од сметката на УЕФА ќе легнат вкупно 150.019 евра (А$270 илјади), од кои ќе се офајдат седум македонски екипи. Најголем дел од нив ќе завршат на сметката на Шкендија (65.862 евра), зад тетовци се наоѓа Работнички со 25.613 евра, па Академија Пандев со 21.954 евра, Вардар ќе добие 14.636 евра од УЕФА, додека по идентични 7.318 евра ќе завршат на сметките на Силекс, Шкупи и на Македонија ЃП.

Фактот дека фудбалерите од македонската лига не настапуваат за националните селекции е главна причина за ваквите минимални суми. Само за споредба: англискиот десеттолигаш Јоркшир има идентична заработка како и Шкупи, Силекс и Македонија ЃП.

За уште една споредба: клубовите во Малта ќе поделат 1.240.000 евра, а од Сан Марино дури 995.000 евра.

Клубовите во соседна Србија го имаат истиот проблем како и македонските, па поради огромниот број интернационалци, а мал број играчи од домашната лига во репрезентацијата, Србите добија вкупно 620.000 евра од УЕФА.

## Македонскиот репрезентативец остана без МВП титулата




Кошаркарот на Панатинаикос, Кендрик Нан, е прогласен за најкорисен играч во Евролигата за сезоната 2024/25. Негови главни ривали беа Саша Везенков од Олимпијакос и македонскиот репрезентативец Ти-Џеј Шортс.

Нан оваа сезона бележи неверојатни бројки, постигнува по 21.1 поен во просек во Евролига, а покрај МВП признанието го доби и трофејот „Алфонсо Форд“ за најдобар стрелец. Тој исто така бележи по 4.3 асистенции, 3.6 скока и една украдена топка во просек на 33 одиграни натпревари.

Тимот од Атина заврши на третото место во регуларниот дел од сезоната со скор од 22 победи и 12 порази.

MILE UNCEVSKI FUNERAL SERVICES
Прва македонска погребна канцеларија во Австралија



Зборувајте со Миле Унчевски на 02 9502 3205

Миле Унчевски ги разбира македонските православни обичаи и погреби, тој е тука да ви помогне во најтешките моменти.
Повеќе од 9 години Миле со неговата погребна компанија помага во најтешките моменти.
За денот на погребот можеме да ви обезбедиме крпи, литургија, пченица.

Организираме погреби од Австралија во Македонија и обратно, доколку некој покоен имал желба да биде погребан во Македонија или во Австралија.

Serving the Macedonian Orthodox Community 24 Hours/7 Days

403 Forest Road, Bexley NSW 2207
Tel: 02 9502 3205, Fax: 02 9554 9735

# Миовски веќе 40 дена нема играно за Жирона, а на тимот му се закануваиспаѓање



Бетис без проблем ја победи Жирона со 3:1 и сега каталонскиот тим, чиј член е Бојан Миовски, има низа од четири порази еднопопдруго и се наоѓа на само три бода над опасната зона која води во Втората шпанска лига.

Жирона во минатата сезона беше хит, се бореше за титула, играа во Лига на шампиони, но сега пак се оние старите како порано и им се заканува испаѓање. Против Бетис испишаа уште еден негативен рекорд - првпат во нивната историја како прволигаши примија три гола во прво полувреме на домашен терен.

Миовски не влезе во игра и ова е трет меч по ред на кој остана без настап (на едниот не можеше да игра поради повреда), а втор на кој беше на клупа и не доби шанса. Последниот негов меч во дресот на Жирона беше на 15 март против Валенсија кога одигра 59 минути.

# Димитријевиќ заминува од Олимпија Милано, знае кога е непожелен



Македонскиот репрезентативец Ненад Димитријевиќ минува низ тежок период во кариерата бидејќи последните недели не е во плановите на тренерот на Олимпија Милано. Еторе Месина воопшто не го става во тимот а Димитријевиќ секако ќе си замине иако има уте една година од договорот.

Претходниот тим на македонскиот репрезентативец, Уникс од Казан, веќе искажал подготвеност да го врати но тренерот на Олимпија не сака да слушне.

Инаку Еторе Месина работеше во Русија вкупно шест години, во два мандата, но во тимот на ЦСКА Москва која е еден од ривалите на Уникс.



# Андреј Јакимовски од САД се префрла во Европа?

Неколку медиуми ја пренесуваат веста дека евролигашот Олимпија од Милано сериозно „загризал“ за услугите на македонскиот репрезентативец, Андреј Јакимовски.

24-годишниот кошаркар на Колорадо Бафалос сезонава бележеше просек од 10,2 поени и пет скокови, оставајќи одличен впечаток кој го натера италијанскиот гигант да ја разгледа можноста за негов ангажман.

Скаутите од НБА лигата сметаат дека Јакимовски многу подобро би се снашол во Европа, од каде веќе постои интерес за неговите услуги.

Доколку двете страни пронајдат заеднички договор, Јакимовски наскоро би можел да се пресели во Италија и да претставува своевидна замена за Ненад Димитријевиќ, кој повеќе од сигурно ќе замине од редовите на Олимпија.



# Дуплантис прогласен за светски спортист на годината



Шведскиот атлетичар Арманд Дуплантис е прогласен за најдобар спортист во светот на церемонијата „Лауреус“ што се одржа во Мадрид.

Дуплантис доминира во дисциплината скок со стап веќе со години, 11 пати го собори светскиот рекорд, последен пат во февруари кога прескокна 6.27 метри. Престижната награда му ја врати Новак Ѓоковиќ кој е нејзин петкратен освојувач, вклучувајќи ја и минатата година.

Конкуренција на Дуплантис беа: Карлос Алкараз (тенис), Леон Маршан (пливање), Тадеј Погачар (велосипедизам) и Макс Ферстапен (формула 1).

Фудбалскиот клуб Реал Мадрид е прогласен за тим на годината, а Ламин Јамал од Барселона го доби признанието за светско откритие.

## Изнер: Ѓоковиќ има уште две шанси да стигне до 25 грен слем трофеј

Џон Изнер и Стив Џонсон, двајца поранешни американски тенисери, во подкаст ги коментираа шансите на Новак Ѓоковиќ да стигне до 25-от грен слем трофеј во кариерата.

Изнер, кого српскиот тенисер Ѓоковиќ го доби во 10 од 12 меѓусебни меѓусебни дуели, е на мислење дека тешко некој да го стигне дури и доколку не крене уште еден грен слем трофеј.

– Се надевам дека грешам, но мислам дека има само уште две шанси да го освои 25-от гренслем – Вимблдон и УС Опен годинава. После тоа ќе биде многу потешко. Знаеме колку се грижи за своето тело, но годините си го прават својот данок. Реално, 2025 година е последниот воз. Се после тоа ќе биде навистина тешко, вели Изнер.

Џонсон се согласува и смета дека Вимблдон е неговата најдобра шанса.

## Манчестер Јунајтед и Наполи се во преговори за трампа



Манчестер Јунајтед има за цел да го подобри својот напад поради недоволното задоволство од учинокот на Расмус Хојлунд.

Помеѓу можностите за засилување се јавува името на Виктор Осимен, кој во моментов е на позајмица од Наполи во Галатасарај. Неговата трансфер цена ќе достигне 60 милиони евра, што го прави достапен за преминување во друг клуб.

Наполи има интерес да се ослободи од моменталниот играч, но истовремено сака да ја добие услугата на Хојлунд.

Според некои медиумски извештаи, се шпекулира дека двете екипи би можеле да извршат размена на играчи. Манчестер Јунајтед се подготвени да го понудат Хојлунд како дел од договорот за трансферот на Осимен.

Друго име за кое е заинтересиран Јунајтед е младиот напаѓач на Ипсвич, Лиам Делап. Делап ја започна својата кариера во Манчестер Сити, но оттаму беше продаден на Ипсвич. Младиот напаѓач (21) блескаше во првата сезона во својот нов клуб и има интересна клаузула – откако Ипсвич и официјално испадна од Премиер лигата, ќе биде достапен за само 30 милиони фунти, што е мала сума за толку млад и талентиран напаѓач во денешниот фудбал.


AVIO TRAVEL Lic. No. 32481
335 High St, Preston

03/ 9471 4556
03/ 9471 4559
mobile:
0401 686 970

AVIO TRAVEL
ВИ ГО НУДИ СВЕТОТ НА ДЛАНКА
ПАТУВАЈТЕ ВО МАКЕДОНИЈА И СЕКАДЕ ВО СВЕТОТ!
ЕВТИНО • УДОБНО • СИГУРНО • ВЕ ОЧЕКУВАМЕ • НЕ ЧЕКАЈТЕ, ЈАВЕТЕ СЕ УШТЕ ДЕНЕС ДА СИ ОБЕЗБЕДИТЕ МЕСТО ЗА УТРЕ!
За повеќе информации зборувајте на македонски со Милка Секуловска!
LIC. NO. 32481
335 HIGH STREET, PRESTON, VIC. PH.: 03/9471 4559, 03/9471 4556 MOB: 0401 686 970

Australian Macedonian TODAY
Австралиско Македонски Денес
22
ISSN 1442-195X

# Спорт

# Ф1: ПЈАСТРИ ПОБЕДНИК ВО ТРКАТА ЗА ГОЛЕМАТА НАГРАДА НА САУДИСКА АРАБИЈА



Австралиецот Оскар Пјастри победи на трката за Големата награда на Саудиска Арабија во неделата и го презеде водството во светскиот шампионат во Формула 1 од тимскиот колега од Мекларен, Ландо Норис со својата трета победа во првите пет годинешни трки.

„Беше доста тешка трка. Многу сум среќен што победив. Ја направив разликата на стартот. Дефинитивно една од најтешките трки што сум ги имал во кариерата со 50 круга на температури од 30 степени околу супер брза патека“, изјави Пјастри.

Четирикратниот шампион на Ред Бул, Макс Верстапен, беше втор, 2,843 секунди зад Австралиецот, откако стартуваше од пол-позицијата на патеката Корниш во Џеда, но доби казна од пет секунди.

Шарл Леклер беше трет за првиот подиум на Ферари сезонава, при што Норис напредуваше од 10-то на четвртото место.

Џорџ Расел од Мерцедес беше, неговиот италијански тимски колега Кими Антонели шести и седумкратниот светски шампион Луис Хамилтон седми за Ферари.

Победата го направи Пјастри, кој триумфираше во Бахреин минатиот викенд и Кина минатиот месец, првиот Австралиец што води на шампионатот по Марк Вебер во 2010 година. Во водство е пред Норис со 10 поени разлика. Пјастри има 99 поени наспроти 89 на Норис и 87 на Верстапен.

Актуелниот шампион во конкуренцијата на конструктори Мекларен ја зголеми предноста во однос на Мерцедес на 77 поени.

